Бр./Nr 12-1216/1
13-03-2026 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 29-тата седница одржана на 10.03.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под бр. 12-1913/1 од 07.07.2025 година, против -----------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност и нема можност да обезбеди дополнителни информации за наводите во пријавата (анонимна пријава).

Предметот со бр. 12-1913/1 од 07.07.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 07.07.2025 година, поднесена е пријава против ----------.
Во пријавата подносителот наведува дека јавното претпријатие не го почитувало Правилникот за систематизација на работни места заверен под архивски број 02----/1 од --.--.2015 година. Имено, назначувањата и унапредувањата се вршеле без интерен или јавен оглас, промените на работните места се вршеле со

задолжувања без соодветно образование и исполнување на условите предвидени во Законот за административни службеници, јавни службеници и Законот за работни односи, без притоа да се наведат конкретните лица и работните места, односно за кои подружници станува збор.

ДКСК констатира дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност. Ова од причина што во наводите на пријавата не се дадени конкретни информации кои лица, на кои работни места и на кој начин биле незаконски вработени, унапредени, односно распределени. Дополнително, ДКСК нема можност да обезбеди дополнителни информации за наводите во пријавата (анонимна пријава).

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател,

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., Член на ДКСК